Неофицијален пречистен текст

ПРАВИЛНИК ЗА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА МЕДИЦИНСКА РЕХАБИЛИТАЦИЈА КАКО ПРОДОЛЖЕНО БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ

(Службен весник на РМ бр.141/2014, 129/2018 и Службен весник на РСМ бр. 171/2019 и бр. 146/2025)

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат видот на индикациите, должината на траењето, начинот и постапката, како и остварување на право на специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување во специјализирани здравствени установи и природни лекувалишта.

На осигурените лица со рехабилитацијата се обезбедува постапка на физикална терапија (масажа, кинези терапија, електротерапија, хидротерапија, терапија со термоминерална вода, термотерапија, фототерапија, примена на ултразвук), оспособување со стручна работа и со соодветни медицински помагала, со цел спречување или отстранување на намалена работна или функционална способност на осигуреното лице, како и обезбедување на кардиолошки и респираторни рехабилитациони постапки.

Поим на специјализирана медицинска рехабилитација

Член 2

На осигурените лица се обезбедува специјализирана медицинска рехабилитација заради подобрување или враќање на изгубени или оштетени функции на телото, како последица од акутно заболување или повреда, медицински оперативни интервенции, конгенитални аномалии, влошување на хронично заболување.
Со специјализирана медицинска рехабилитацијата како продолжено болничко лекување се обезбедува спроведување на интензивна програма на рехабилитација за која е неопходно мултидисциплинарно тимско работење во рамките на медицинскиот третман, заради отстранување на функционалните пречки и подобрување на здравствената состојба.

Член 3

На осигурените лица се обезбедува специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување, кога функционалните пречки не може да се ублажат или отстранат со подеднаква ефикасност во амбулантско-поликлинички услови, како и за време на болничко лекување на основната болест.

Индикациони подрачја

Член 4

Специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување се обезбедува на заболени или повредени осигурени лица во случај на постоење на болест, повреда, како и состојби утврдени со овој правилник, со следните индикации:

-невролошки заболувања
-заболувања на срцето и крвните садови
-ревматски заболувања
-респираторни заболувања
-повреди и заболувања на локомоторниот систем
-онколошки заболувања кај деца до 18 години
- болести на крвта и крвотворните органи (хемофилија)

Видот на болестите, состојбите и повредите се утврдуваат со Листа на индикации за остварување на право на специјализирана медицинска рехабилитација која е составен дел на овој правилник (во понатамошен текст Листа).

Листа на индикации

Член 5

Листата на индикации за остварување на право на специјализирана медицинска рехабилитација ги содржи следните елементи:

- дијагноза на болест или повреда
-шифра на болест или повреда по МКБ -10 АМ класификација
- предлог од соодветен специјалист/субспецијалист
- потребна медицинска документација за претходно спроведени дијагностички и терапевтски процедури (специјалистички извештај, отпусно писмо, конзилијарно мислење)
- должина на траење на специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување.

Контраиндикации за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување

Член 6

Специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување не може да оствари осигурено лице кај кое е присутно некое од заболувањата или состојбите кои претставуваат контраиндикација за користење на специјализираната медицинска рехабилитација, и тоа:

- акутна психоза, асоцијално однесување или склоност кон самоубиство

- акутна инфективна болест и фебрилна состојба
- декомпензација на витални органи
- малигни болести во стадиум на егзарцербација и декомпензација
- терминална фаза на болеста
- патолошка бременост
- сенилна деменција и тежок облик на генерализирана артериосклероза
- нестабилна ангина пекторис
- неконтролирани аритмии на срцето
- флеботромбоза на длабоки вени на нозе
- имобилизација кај која не може да се спроведе рехабилитационо лекување

Начин на остварување на право на специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување

Член 7

Осигуреното лице може да оствари право на специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување, кога по болничкото лекување и понатаму постојат функционални пречки за чие отстранување е неопходно да се продолжи со лекувањето и рехабилитација во здравствени установи специјализирани за вршење на специјализирана медицинска рехабилитација и природни лекувалишта, и тоа во следните случаи:

1. по завршување на болничко лекување на акутно заболување, состојба и повреда
2. по завршување на болничко лекување на влошено хронично заболување
3. по контролен специјалистички/субспецијалистички преглед за: церебрална парализа, мултипла склероза кај средно тешки и тешки испади на локомоторен систем, плегии (хемиплегија, параплегија и тетраплегија), тешки парези, ревматоиден артрит, онколошки заболувања кај деца до 18 години и болести на крвта и крвотворните органи (хемофилија) како и при стекнат недостиг на екстремитет.[1]

Правото на специјализирана медицинска рехабилитација од став 1 точка 1 и 2 на овој член, се остварува врз основа на барање од осигуреното лице кое се поднесува во рок од 1 месец по завршеното болничко лекување.
Во случај кога е потребен контролен специјалистички/субспецијалистички преглед, правото на специјализирана медицинска рехабилитација може да се оствари најмногу 3 месеци по завршеното болничко лекување.

Право на специјализирана медицинска рехабилитација од став 1 точка 1 и 2 на овој член осигуреното лице може да оствари и по истекот на 3 месеци но не подолго од 6 месеци од завршеното болничко лекување. Рехабилитацијата може да се одложи само во случај на настаната компликација на основната болест или ново настаната болест, односно состојба, потврдени со медицинска документација.

[1] Измената е направена во Правилникот објавен во Сл. весник на РСМ бр, 171/2019

По состојба на прележан инфаркт на срцето, хируршка интервенција на срцето и хируршки зафати на градниот кош со респираторна регија, правото на специјализирана медицинска рехабилитација од став 1 точка 1 на овој член се остварува само во рок од 3 месеци по завршено болничко лекување.[2]

Правото на специјализирана медицинска рехабилитација од став 1 точка 3 на овој член, се остварува врз основа на барање од осигуреното лице кое се поднесува во рок од 1 месец по извршен специјалистички/субспецијалистички преглед.

Правото на специјализирана физикална медицинска рехабилитација осигуреното лице не може да оствари по завршена медицинска рехабилитација како болничко лекување во болници и во специјализирани заводи за рехабилитација.

Правото на специјализирана медицинска рехабилитација во случаите кога осигуреното лице со решение на Фондот било на лекување во странска болница или во приватна здравствена установа во РМ со склучен рамковен договор за услуги кои не се вршат во јавните здравствени установи, се остварува со конзилијарно мислење издадено од соодветната јавна здравствена установа која го упатила на лекување во странство, односно во која продолжува лекувањето.

Постапка за остварување на право на специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување

Член 8

Правото на специјализирана медицинска рехабилитација со решение од Фондот се остварува врз основа на:

- отпусно писмо за завршено болничко лекување,
- конзилијарно мислење на пропишан образец со шифра на дијагноза по МКБ-10 или МКБ-10 АМ и латински назив на дијагнозата согласно Листата на индикации, издадено од ЈЗУ / ПЗУ од болничка здравствена заштита со склучен договор со Фондот, а каде осигуреното лице било на болничко лекување и
- мислење на Лекарска комисија на Фондот.

Во решението за остварување на право на специјализирана медицинска рехабилитација се наведува шифра на дијагноза по МКБ-10 или МКБ-10 АМ, латински назив на дијагнозата согласно Листата на индикации и број на денови за кои е одобрена специјализирана медицинска рехабилитација.

Во случај кога по завршено болничко лекување е потребен контролен специјалистички/субспецијалистички преглед, правото на специјализирана медицинска рехабилитација, се остварува со отпусно писмо, конзилијарно мислење, специјалистички извештај од последниот контролен преглед и мислење на лекарска комисија на Фондот. Конзилијарното мислење за потребата од специјализирана медицинска рехабилитација се издава при последниот контролен преглед.

[2] Измената е направена во Правилникот објавен во Сл. весник на РМ бр, 129/2018

Во случај на церебрална парализа, мултипла склероза кај средно тешки и тешки испади на локомоторен систем, плегии (хемиплегија, параплегија и тетраплегија), тешки парези, ревматоиден артрит, како и онколошки заболувања кај деца до 18 години и болести на крвта и крвотворните органи (хемофилија) како и при стекнат недостиг на екстремитет[3], правото на специјализирана медицинска рехабилитација се остварува согласно Листата, со решение од Фондот, врз основа на отпусно писмо за завршено болничко лекување или специјалистички извештај, конзилијарно мислење од соодветната болничка установа во која се наоѓале на болничко, односно амбулантско лекување и врз основа на мислење на Лекарска комисија на Фондот. Конзилијарното мислење за потреба од специјализирана медицинска рехабилитација за случаите со церебрална парализа важи една година од денот на издавањето.

По исклучок, за потребата од продолжување на лекувањето како продолжено болничко лекување во континуитет во иста или друга здравствена установа за специјализирана медицинска рехабилитација, веднаш по завршување на болничкото лекување за кое се уште не е изготвено отпусно писмо, како и при незавршено болничко лекување, осигуреното лице правото го остварува со решение донесено врз основа на Образец - Потврда за болничко лекување (образец ПБЛ пропишан од Фондот како составен дел на правилникот), кој го заменува отпусното писмо.

Член 9

Конзилијарното мислење издадено од болничка здравствена установа која има склучен договор со Фондот, го потпишуваат 3 лекари специјалисти/субспецијалисти и директорот на здравствената установа. Здравствената установа конзилијарното мислење го издава на Образец – КММР пропишан од Фондот кој е составен дел на правилникот.

Доколку лекарскиот конзилиум кој ја предлага специјализираната медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување оцени дека на дете до три годишна возраст му е потребен придружник, ова право се остварува под услови и на начин утврдени согласно Правилникот за содржината начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравственото осигурување.

Лекарска комисија

Член 10

[3] Измената е направена во Правилникот објавен во Сл. весник на РСМ бр, 171/2019

Мислење за оправданоста на упатување на осигуреното лице на специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување и должината на траењето на истата, дава лекарската комисија на Фондот за здравствено осигурување.

Лекарската комисија дава мислење за потребата од специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување врз основа на увид во приложената медицинска документација, а по потреба и непосреден преглед на осигуреното лице.

Врз основа на предлог на конзилиумот на лекари од соодветната болничка здравствена установа, лекарската комисија дава мислење дека постојат медицински индикации осигуреното лице да се упати на соодветна специјализирана медицинска рехабилитација, како и мислење за должината на траењето на рехабилитацијата и потребата од придружник (за дете до 3 годишна возраст на товар на Фондот).

Член 11

Против оценката на првостепената лекарска комисија, осигуреното лице може да изјави приговор до второстепената лекарска комисија во рок од 3 дена од денот на приемот на мислењето. Ако осигуреното лице не е задоволно од мислењето на второстепената лекарска комисија, може да побара од Фондот во управна постапка да издаде решение.

Траење на специјализирана медицинска рехабилитација

Член 12

Специјализирана медицинска рехабилитација може да трае најмногу 21 ден.

Специјализираната медицинската рехабилитација треба да започне најдоцна 2 месеци од добивањето на решението.

По исклучок од став 2 од овој член, специјализираната медицинска рехабилитација за осигурените лица од член 7 став 1 точка 3 од овој правилник, треба да започне најдоцна 6 месеци од добивањето на решението.[4]

Осигуреното лице за случаите од став 1 на овој член, може да оствари право на специјализирана медицинска рехабилитација за исто заболување односно повреда само еднаш во период од една година[5]. Доколку во период од една година кај осигуреното лице настане повторна повреда со иста шифра на дијагноза по МКБ

[4] Измената е направена во Правилникот објавен во Сл. весник на РСМ бр. 146/2025 и во Исправката на Правилникот објавена во Сл. весник на РСМ бр. 155/2025

[5] Измената е направена во Правилникот објавен во Сл. весник на РМ бр, 129/2018

10 АМ, може повторно да го оствари правото на специјализирана медицинска рехабилитација во текот на истата година.

По исклучок од став 1 од овој член специјализираната медицинска рехабилитација во случај на церебрална парализа за децата до тригодишна возраст, може да трае до 30 дена и тоа до четири пати во текот на годината, а за деца над тригодишна до четиринаесетгодишна возраст може да трае до 30 дена два пати во текот на годината. Во текот на годината специјализираната медицинска рехабилитација за осигурените лица со церебрална парализа, може да се оствари по истекот на најмалку 30 дена од последната завршена специјализираната медицинска рехабилитација.

Спроведување на медицинска рехабилитација

Член 13

Специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување се спроведува во текот на целата година, во здравствени установи специјализирани за вршење на медицинска рехабилитација и природни лекувалишта.
Специјализираната рехабилитација се спроведува континуирано, како и за време на викенди и празници, односно за целиот период на траење на одобрената рехабилитација.

Лекувањето на осигуреното лице ги опфаќа следните медицински индицирани процедури и постапки:

- сите облици на кинези терапија на суво и во вода (активни и пасивни вежби, индивидуални и групни вежби)
- сите други видови на физикална терапија (електротерапија, хидротерапија, термотерапија, фототерапија, ултразвучна терапија)
- примена на природни лековити фактори (термоминерална вода, воздушна бања)
- кардиолошки рехабилитациони постапки
- респираторни рехабилитациони постапки.

Лекувањето на осигуреното лице опфаќа и оспособување со стручна работа и примена на помагала, со цел за спречување на настанување или отстранување на намалена работна или функционална способност на осигуреното лице.

Член 14

Специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување според медицинските индикации кај осигуреното лице, се спроведува во соодветна здравствена установа/природно лекувалиште со кои Фондот има склучено договор за пружање на овој вид на здравствени услуги.
Како стандардни услови за сместување на осигурените лица се смета сместување во соба со два или повеќе болнички кревети со обезбедена бања со тоалет.

Како болнички услови од повисок стандард од стандардот утврден во став 2 на овој член, се смета сместување во едно креветна соба со обезбедена бања со тоалет, телевизор, телефон, посебна нега и други над стандардни потреби по барање на осигуреното лице.
Во случај на сместување во соба со повисок стандард наведена во став 3 на овој член, на осигуреното лице ја надоместува разликата помеѓу цената на стандардниот и повисокиот стандард на сместување.
На осигуреното лице се обезбедува исхрана од три оброци дневно која ги задоволува дневните потреби на организмот. Во зависност од медицинските индикации, по исклучок на осигуреното лице му се обезбедува соодветна диетална исхрана.

Член 15

Кога осигуреното лице не може да започне со специјализирана медицинска рехабилитација во рок од 2 месеца од денот на издавање на решението, поради акутно заболување и други медицински индикации, важењето на решението може дополнително да се продолжи најмногу за уште 2 месеци од денот на новонастанатата состојба. Правото на рехабилитација осигуреното лице го остварува со истото решение и ново мислење на Лекарската комисија на Фондот, со кое се одобрува продолжување на рокот на вежење на решението. Мислењето Лекарската комисија го издава врз основа на дополнителна медицинска документација, односно отпусното писмо или специјалистички извештај од здравствената установа каде е извршено лекувањето на новонастанатото заболување.[6]

Во случај кога осигуреното лице ја прекине започнатата специјализирана медицинска рехабилитација поради акутно заболување или други медицински индикации според мислење на лекар од установата каде се спроведува рехабилитацијата, истата може да се продолжи во установата каде е започната рехабилитацијата, ако прекинот трае до 15 дена и тоа за онолку денови колку што преостанале од одобрениот период за специјализирана медицинска рехабилитација. Прекинатата специјализирана медицинска рехабилитација се продолжува со истото решение со кое е одобрена од Фондот, а како прилог се доставува отпусното писмо или специјалистички извештај од здравствена установа каде е извршено лекувањето.

Специјализираната медицинска рехабилитација која осигуреното лице ја прекинало од лични причини, не може да се продолжи.

Преодни и завршни одредби

Член 16

Осигурените лица кои пред 01.09.2014 година, ја започнале постапката со добиено мислење за остварување на право на специјализирана медицинска рехабилитација од лекарската комисија на Фондот, правото го остваруваат согласно член 79 и 80

[6] Измената е направена во Правилникот објавен во Сл. весник на РМ бр, 129/2018

од Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување (Службен весник на РМ бр. 54/2012).

Член 17

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во Службен весник на Република Македонија, ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 01.10.2014 година.

Член 18

(Член 4 од Правилникот објавен во Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/2018)

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Член 19

(Член 4 од Правилникот објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 171/2019)

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Постапките за остварување на правото на специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување започнати до денот на влегување во сила на овој правилник, ќе продолжат согласно одредбите од овој правилник.

Член 20

(член 2 од Правилникот објавен во Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 146/2025)

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.